| Анализа по спроведена анкета за професионална информираност и ориентација на учениците од деветто одделение. | Психолог | индивидуална<br>група | мај | Анкетен прашалници | Увид во професионална информираност и ориентација на учениците од деветто одделение. | извештај |
| Анализа на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар | Директор<br>Психолог<br>Наставници | индивидуална<br>група | континуирано | Анкетен прашалник<br>Прирачници за професионален и кариерен развој | Перманентно стручно усовршување<br>( професионален и кариерен развој) на наставниот кадар | Извештај<br>Програма за професионален развој<br>Личен план за професионален развој |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Учество во изготвување годишен и полугодишен извештај за работата на училиштето ( | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | групна | јануари<br>јуни | Извештаи<br>Анализи<br>Статистички прегледи | Согледани потреби за подобрување на работата на училиштето<br>Дадени констатации и насоки за натамошна работа | годишен и полугодишен извештај за работата на училиштето |
| Акциско истражување<br>"Колку редовното пишување на домашните задачи ќе придонесе за подобрување на успехот по предметот физика во осмо одделение " | Психолог<br>Наставници | индивид уална<br>групна | Во текот на учебната година | Стручна литература<br>Евиденција од редовно пишување домашни задачи<br>Евидентни листи за постигањата на учениците | Подобрување на успехот на учениците | Анализа на добиените резултати извештај |
| **5. Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување** | | | | | | |
| Соработка со образовни здравствени, социјални институции и други установи кои | Советници од БРО<br>Општински и државни просветни | индивид уална<br>групна | континуир ано | Стручни материјали<br>Приручници<br>правилници | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Извештаи<br>Евиденција од остварени средби |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно - образовната работа | инспектори<br>Социјални работници ... | | | | | |
| Соработка со УКИМ , ФЗФ - Институт за педагогија<br>- во својство на ментор при реализација на практична настава за студентите<br>- учество на проекти, работилници, трибини, конференции... | Педагози<br>Професори | индивидуална<br>групна | континуирано | Стручни литература<br>Педагошка евиденција и документација | Унапредување на воспитно-образовниот процес<br>Успешно организирана педагошка и методска практика на студентите<br>Перманенто стручно усовршување | Меморандум за соработка,<br>сертификати |
| Учество и соработка со здружение на педагози на град Скопје "Современ педагог" | Педагози | групна | континуирано | Стручна литература и материјали<br>ИКТ | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Покани<br>Стручни материјали |
| Учество во размена на искуства со други педагози, психолози | Стручни соработници | групна | континуирано | Стручна литература и материјали<br>ИКТ | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Записници од средби и состаноци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Учество во воспоставување соработка со локалната заедница и реализација на заеднички активности | Директор<br>Психолог<br>Наставници | индивидуална<br>групна | континуирано | Стручна литература и материјали<br>ИКТ | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Стручни материјали |
| Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување | Педагози | индивидуална<br>групна | континуирано | Стручна литература и материјали<br>Прирачник за планирање на професионалниот развој<br>ИКТ | Личен професионален и кариерен развој | Личен план за професионален развој<br>Сертификати |
| **6. Педагошка евиденција и документација** | | | | | | |
| Програма за сопствената работа | педагози | индивидуална | август | Стручна литература<br>Годишна програма и извештај за работа на училиштето<br>ИКТ | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Годишна програма за работа |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Месечен оперативен план за работа | Стручни соработници<br>Директор | индивид уална | секој месец | Стручна литература<br>Годишна програма и извештај за работа на училиштето<br>ИКТ | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Месечен план за работа |
| Хронолошки дневник за работа | Стручни соработници<br>Директор | индивид уална | континуи рано | Компјутер<br>Хартија | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Дневник за работа |
| Евиденција за соработка со ученици, наставници и родители | Стручни соработници<br>Директор | индивид уална | континуи рано | Компјутер<br>Хартија | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Дневник за работа |
| Водење педагошки картон за работата на наставниците | Директор<br>Психолог | индивид уална | континуи рано | | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Педагошки картон за наставниците |
| Водење професионално досие на наставниците | Директор<br>Психолог | индивид уална | континуи рано | Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на професионалното досие на наставникот и стручниот соработник во основното | Професионален и кариерен развој на наставниците | Професионално досие на наставниците |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | училиште | | |
| Докум. за извршената анал.-истраж. работа ( прегледи, инструменти,извештаи , анализи, информации) | Стручни соработници Директор | индивид уална | континуи рано | Стручна литература ИКТ Хартија | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Прегледи, инструменти, извештаи анализи |

| Активности | Соработници | Форма | Време | Ресурси | Цели | Индикатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Советување на родителите | Психолог | групна | февруари | Стручна литература | Подобрена комуникација помеѓу родителите и децата | Извештај, |
| Работа на професионална информација и ориентација на учениците | Психолог Дефектолог | индивидуал на групна | мај | Стручна литература Прашалници за самопроцена на интересите и способностите на учениците Анкетен лист за професионалн а информиранос т | Правилно насочени ученици при изборот на нивното натамошно образование согласно нивните интереси и способности | Извештај од спроведена анкета за професионал на информирано ст на учениците Евиденција од индивидуални и групни разговори со ученици |

## 4. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ 2023/2024 година

Во училиштето во текот на целата учебна година се води грижа за здравјето на учениците, и се превземаат мерки за негово подобрување.

Програмата за заштита на здравјето на учениците се темели на законските прописи кои се одредени од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука, сознанијата за развојните карактеристики на училишната возраст и психолошка, здравствена и физичка состојба на учениците. Грижата за здравјето на учениците се реализира преку следните активности:

- редовни систематски прегледи и имунизација на учениците, во соработка со здравствените институции во Поликлиника Чаир

- одржување лична хигиена преку интеракција наставник-ученик и ученик-ученик,

- унапредување на здравјето преку редовна физичка активност,

- редовно одржување хигиената во училиштето и училишниот двор како простори каде учениците го поминуваат

најголемиот дел од денот.

Во соработка со Детскиот диспанзер во Чаир во текот на првото полугодие од

учебната 2023/24 година беа спроведени систематски прегледи и вакцинација на учениците:

| **Паралелка** | **Вид на преглед** | **Дата** |
|---|---|---|
| I$^{1}$; I$^{2}$; I$^{3}$ ;I$^{4}$; I$^{5}$; | Систематски преглед и ревакцина на морбили,рубеола и паротит. | 25.09-27.09.2023 |
| II$^{1}$; II$^{2}$; II$^{3}$; II$^{4}$; II$^{5}$; | Вакцина Тетраксин(Дифтерија,тетанус и детска парализа) | 11.09-15.09.2023 |
| III$^{1}$; III$^{2}$; III$^{3}$; III$^{4}$; III$^{5}$; | Систематски преглед | 20.11-21.11.2023 |
| V$^{1}$; V$^{2}$; V$^{3}$; V$^{4}$; V$^{5}$; | Стоматолошки преглед | 23.11-24.11.2023 |
| VII$^{1}$; VII$^{2}$; VII$^{3}$; VII$^{4}$; | Систематски преглед | 24.04-25.04.2024 |
| IX$^{1}$; IX$^{2}$;IX$^{3}$;IX$^{4}$;IX$^{5}$; | Ревакцина на Дифтерија и Тетанус | 16.11-17.11.2023 |

## 5.Годишен извештај за работата на Советот на родители за учебната 2023/2024 година

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, од родителите на учениците се формира Совет на родители на училиштето. Советот на родители, работи според Деловник и Програма за работа која ја предлага претседателот на Советот на родители, а се усвојува од сите членови на советот.
Раководство на Советот на родители:
Претседател –Биљана Јаневска
Заменик претседател – Фуад Алиловски
Записничар – Томче Јосимовски
Преку Советот на родители, на родителите им е овозможено запознавање со основните услови за учење на учениците, следење и оценување на успехот на учениците, изградување взаемни односи на почитување и соработка на релација ученик – наставник – родител, подобрување на условите за реализација на наставата.
Советот на родители дава мислење за предлогот на Програмата за развој, Годишната програма за работа на училиштето, Програма за организирање на екскурзии и други слободни активности, предлага програма за подобрување на стандардите на наставата, ги разгледува жалбите на родителите во врска со воспитно-образовната работа и многу други теми и активности опфатени во планот за работа.
Советот на родители при ООУ „Живко Брајковски“ во учебната 2023/24 година, одржа повеќе средби, на кои присуствуваа претставници од сите одделенија, директорката и вработени во училиштето. На овие заеднички средби се разговараше за тековни прашања кои се поврзани со работењето на училиштето.

- Годишна програма за работа на училиштето
- Програма за организирање на екскурзии и други слободни активности
- Запознавање со новите членови на Совет на родители
- Информации за почетокот на новата учебна 2023/2024 година
- Запознавање со уписот на првачињата, нивната опфатеност според реонизацијата и резултатите од уписите

- Информации за бесплатни учебници и давање напатствија за правилно искористување на истите како и проблемот од недостиг на истите
- Дискусија и предлози за зголемување на безбедноста на училиштето
- Извештај и презентација од страна на директорот за изведените екскурзии
- Извештај и презентација од страна на директорот за успехот и поведението на учениците
- Извештај за самоевалуација
- Организирана исхрана на учениците
- Уредување на училишниот двор
- Избор на претставници од Совет на родители за членови во Училишен одбор
- Правилник на однесување на ученици, родители, наставници
- Информирање со предвидените проекти кои се планираат да бидат реализирани во текот на учебната година.

## 6.ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 год.

**Членови на Училишниот одбор:**

Претставници од основачот ( Општина Бутел )
1. Горјан Донев- член назначен на ден 19.04.2022
Претставници од родители или старатели
2.Даут Дарлишта- 20.05.2024
3.Анета Велкова – 29.03.2023
4.Ардијан Буњаку- 16.03.2022
Претставници од редот на наставниците
5.Верче Петрова - член назначен на ден 15.06.2022
6.Муамер Абдулаи - член назначен на ден 12.04.2024
7.Мирфетка Јашароска- член назначена на ден 12.04.2024

Училишниот одбор на ООУ Живко Брајковски Скопје брои 7 членови избрани според законските одредби, имено 3 од наставниците, се избрани од редот на предложените наставници и стручни соработници на Наставнички совет, тројца членови се избрани од редот на родителите на учениците,и еден претставник од локалната самоуправа (основачот). На седмиците на училишниот одбор се поканувaат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент (Тамара Петковска од VIII-1 и Муса Зеќири VIII-3).

Училишниот одбор е највисок орган кој е одговорен за управување со училиштето. Составот и надлежностите на УО се дефинирани со ЗОО и Статутот на училиштето. Училишниот одбор е одлучувачко тело за управување со училиштето. Во соработка со директорот на училиштето, советот на родители и училишните тимови постојано поттикнува активности кои обезбедуваат квалитет во работењето на училиштетето.

**Реализирани активности:**

Седница одржана на 17.08.2023

- Усвојување Записник од претходната седница.
- Одлука за усвојување Програма за екскурзии и други слободни активности во училиштето во учебната 2023/2024 година.
- Одлука за усвојување Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година.
- Разно.

Седница одржана на 28.09.2023 г.

- Усвојување Записник од претходната седница.
- Известување за представка од вработена во училиштето.
- Одлука за прифаќање Предлог план на приходи и Предлог план на расходи на училиштето за 2024 година.
- Одлука за осигурување на ученици од последици на несреќен случај во учебната 2023/24
- Одлука за избор на најповолен понудувач за изведување есенски и пролетен излет, еднодневна, дводневна, тродневна екскурзија, посета на Аеродром Петровец и настава во природа во учебната 2023/24
- Разно.

Седница одржана на 17.11.2023 г.

- Усвојување Записник од претходната седница.
- Правилник за исплата на Бруто плата.
- Известување за најповолна понуда за фотографирање за 2023/2024 година.
- Верифицирање на мандат претставници на училишната заедница.
- Разно.

Седница одржана на 27.12.2023 г.

- Усвојување Записник од претходната седница.
- Носење одлука за вршење попис на парични средства на сметките на училиштето, благајната во денари како и побарувањата и обврските на училиштето и формирање пописна комисија.
- Носење план за вршење попис за 2023 година.
- Разгледување записник од Комисијата за прегледување пристигнати документи по јавен оглас за избор на наставници и стручни соработници на определено време и донесување Предлог од УО.
- Барање до градоначалникот на Општина Бутел да донесе одлука за рапишување на јавен оглас за директор.
- Разно

Седница одржана на 06.02.2024

- Усвојување Записник од претходната седница
- Прифаќање на Програмата за работа на УО за 2024 год.
- Донесување Одлука за усвојување на извештаите за реализација на екскурзиите за учебната 2023/2024 год.
- Донесување Одлука за формирање на училишна комисија за спроведување самоевалуација за период 2022/2024 год.
- Прифаќање на Полугогишен извештај за учебната 2023/2024 година за работењето на ООУ„Живко Брајковски“ Бутел.
- Разно

Седница одржана на 22.02.2024

- Усвојување Записник од претходната седница
- Носење одлука за усвојување извештај од извршениот попис на средствата и изворите на средствата со состојба 31.12.2023 год.
- Носење одлуки за усвојување финансиски извештаи од завршните сметки за 2023 год. – с-ка 776010402290317, - с-ка 776010402278712, -с-ка 776010402260316, -с-ка 776010402278520 и с-ка 776010402278534.
- Носење одлука за префрлање вишок на приходи во наредната 2024 година од  с-ка 776010402278712
- Носење одлука за определување касов максимум за 2024 година.
- Носење одлука за определување висина на надомест за службен превоз на директорот, наставниците и учениците за натпревари и манифестации.
- Разно

Седница одржана на 04.04.2024

- Усвојување Записник од претходната седница
- Разгледување на записникот од Комисијата за прегледување на пристигнатите документи по јавниот оглас за избор на наставници по математика на албански наставен јазик.
- Донесување Предлог од УО.
- Разно

Седница одржана на 16.04.2024

- Усвојување Записник од претходната седница
- Верифицирање на мандат на претставници од Наставничкиот совет.
- Разно

Седница одржана на 25.06.2024

- Усвојување Записник од претходната седница
- Одлука за верификација на мандат на член во УО од Совет на родители.
- Одлука за формирање стручен тим за подготвување Програма за екскурзии и други слободни активности во училиштето за учебната 2024/2025 година.
- Одлука за формирање комисија за спроведување постапка за организирање екскурзии и други слободни активности во училиштето за 2024/2025 година.
- Одлука за формирање комисија за спроведување постапка заиздавање училишен простор под закуп.
- Одлука за Програма за екскурзии и други слободни активности во учебната 2024/2025 година.
- Разно

## 7.Извештај за работата на Ученички парламент

Состаноците на УЗ ги планираа и ги водеа педагогот и психологот  на училиштето во соработка со одборот на УЗ. Покрај конституирање на Ученичката заедница на училиштето, избор на Претседател и Заменик претседател се работеше и на реализација на програмата која учениците ја составија и усвоија. За претседател е избран Тамара Петковска од VIII-1 одделение кој доби најмногу гласови на спроведеното тајно гласање,за Заменик претседател се избра Муса Зеќири VIII-3 од  одделение.  На состаноците најмногу се разговараше за случувањата и активностите во кои што учествуваат учениците а се зборуваше и за периодот на адолесценција, нејзиното прифаќање и учество во истата. Учениците ги споделуваа своите искуства, ги потенцираа потешкотиите што им произлегле но и начинот на кој се справиле и истите ги отстраниле. Од стручните соработници добиваа насоки како да го организираат времето, да останат со добро ментално здравје, како да си го организираат денот за да ги исполнат обврските и да постигнат високи резултати. Заеднички се согласивме дека е период кој ќе помине,  и можеме со заеднички сили да излеземе како позрели и подобри личности. УЗ ќе работи на теми кои се значајни за учениците и нивниот правилен развој.

**Годишен извештај за работата на Продолжен престој во ООУ „Живко Брајковски“на македонски наставен јазик за учебната 2023/2024 година**

ООУ „Живко Брајковски“ според бројот на просториите, материјално - техничките и кадровски услови со кои располага, овозможува услови за нормално од прво, второ и трето одделение.

Наставата изведување на воспитно-образовната работа. Во рамки на активностите на ООУ „Живко Брајковски“ во учебната 2023/2024 година беше организиран продолжен престој за учениците во продолжен престој се реализираше според претходно изготвен Наставен план и програма, а се реализира во просториите на училиштето во 2 смени.

Во учебната 2023/2024 година во Продолжен престој вкупно беа запишани 51 ученик, и тоа:

- 1 одделение – 14 ученици
- 2 одделение – 20 ученици
- 3 одделение – 17 ученици

Од вкупниот број на запишани ученици, истите беа поделени во 2 групи, поточно и во двете групи имаше ученици од 1,2 и 3 одделение.

На сите ученици на крајот на учебната година им беа поделени Пофалници за точно и навремено извршување на домашните задачи како и за учество во сите дополнителни воннаставни активности.

**Продолжен престој по одделение, пол и број на ученици во првата група на македонски јазик**

| **Вид на група** | **Одделение** | **Пол** | **Број на ученици** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Комбинирана група** | 1 одделение | м | 4 | 8 |
| | | ж | 4 | |
| | 2 одделение | м | 6 | 11 |
| | | ж | 5 | |
| | 3 одделение | м | 3 | 7 |
| | | ж | 4 | |
| **Вкупно** | | | | **26** |

**Продолжен престој по одделение, пол и број на ученици од втората група на македонски јазик**

| **Вид на група** | **Одделение** | **Пол** | **Број на ученици** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Комбинирана група** | 1 одделение | м | 4 | 6 |
| | | ж | 2 | |
| | 2 одделение | м | 3 | 9 |
| | | ж | 6 | |
| | 3 одделение | м | 2 | 10 |
| | | ж | 8 | |
| **Вкупно** | | | | **25** |

**Активности во Продолжен престој**

| **Прва смена** | |
|---|---|
| **Време** | **Вид на активности** |
| 07:00 – 08:00 | Прием на учениците во Продолжен престој |
| 08:00 – 08:15 | Миење на раце и подготовка за појадок |
| 08:15 – 09:00 | Појадок |
| 09:00 – 10:30 | Задолжителни активности (пишување на домашна задача, наставен лист подготвен од наставниот од продолжен престој) |
| 10:30 – 11:30 | Слободни активности во училишен двор, спортски терен, игралиште или гледање на детски ТВ емисии, слушање музика |
| 11:30 – 11:45 | Миење на раце и подготовка за ручек |
| 11:45 – 12:15 | Ручек |
| 12:15 – 12:50 | Одмор, средување на работното катче, гледање на детска ТВ емисија, слушање на музика и напуштање на продолжен престој |

| **Втора смена** | |
|---|---|
| **Време** | **Вид на активности** |
| 11:25 – 12:00 | Доаѓање на учениците во Продолжен престој после часови |
| 12:00 – 12:20 | Слободни активности (цртање, играње на игралиште или во училишен двор) |
| 12:20 – 12:30 | Миење на раце и подготовка за ручек |
| 12:30 – 13:00 | Ручек |
| 13:00 – 14:30 | Задолжителни активности (пишување на домашна задача, наставен лист подготвен од наставниот од продолжен престој) |
| 14:30 – 15:30 | Слободни активности во училишен двор, спортски терен, игралиште или гледање на детски ТВ емисии, слушање музика |
| 15:30 – 17:00 | Одмор, средување на работното катче, гледање на детска ТВ емисија, слушање на музика, играње на друштвени и игри и напуштање на продолжен престој |

| **Видови на активности во Продолжен престој** | |
|---|---|
| **Задолжителни активности** | **Слободни активности** |
| 1.Вежби за развивање на графомоторички способности кај учениците од прво одделение<br>2.Вежби за правилно пишување на броеви и букви<br>3. Пишување на домашна задача и проверка на точноста на истите<br>4. Учење на ново изучени лекции, мемрирање на песнички, читање, пишување и сл.<br>5. Вежби и проверка на знаењето, проширување на знаењето на воспитно – образновните содржини<br>6. Решавање или пополнување на наставен лист зададен од наставникот од продолжен престој | 1. Креативни изработки<br>2. Друштвени игри<br>3. Тимски спортски активности со топка<br>4. Вежби за правилен раст и развој<br>5. Слушање на музика<br>6. Гледање на детски ТВ емисии<br>7. Цртање и боење по слободен избор или зададена тема<br>8. Штафетни игри |

**Соработка со родители, наставници и водење на педагошка евиденција и документација**

Во континуитет секојдневна **соработка со родителите**, информирање или разговор со родителите за напредокот, соработката и поведението на нивнотот дете за време на присуството во продолжениот престој.

Исто така, континуирана **соработка со наставници** од чии одделенија доаѓаа учениците. Помош и поддршка при реализирање на дневните и седмичните активности. Разговор со одделенските наставници за соработката, напредокот и поведението на нивните ученици.

За целокупното работење на Продолжениот престој за учениците од 1, 2, и 3 одделение се водеше уредна **педагошка евиденција и документација**, како што се:

- Запишување на дневни активности (задолжителни и слободни),
- Списоци за редовност и присутност на учениците, и
- Дневни и седмични планирања и подготовки.

**КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД 1, 2 И 3 ОДДЕЛЕНИЕ**

ИЗВОРЧЕ - https://izvorcemk.wordpress.com/

Funtastic Mathematics - https://funtasticmathematics.wordpress.com/

Pinterest - https://www.pinterest.com/

Ресурси - http://resursi.literatura.mk/

Од нашата училница - http://odnasataucilnica.com/

You tube едукативни линкови - https://www.youtube.com/

Никулец - https://nikulecedu.com/

Education - https://www.education.com/

Live Work Sheets - https://www.liveworksheets.com/

Математика - https://matematika.mk/

Официјалана страна на Facebook на Росица - списание за ученици во прво одделение - https://www.facebook.com/%D0%A0%D0%BE%D1%81%D0%B8%D1%86%D0%B0-%D1%81%D0%BF%D0%B8%D1%81%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D1%87%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B2%D0%BE-%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-103903980967509/

Извадоци од книгата Нела и буквите и уште нешто ... – Иванчо Митревски – Мајсторот, Просветно дело АД 2003

ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ ВО ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ
**Лилјана Крстевска**
**Христина Саздова**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ОД РАБОТАТА НА ПОДМЛАДОКОТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

## ПРИ ООУ ”ЖИВКО БРАЈКОВСКИ” ЗА УЧЕБНАТА

## 2023/2024 ГОДИНА

**Скопје, јуни 2024 година**

Друштвото на Подмладокот на Црвениот Крст има своја важност и задачи. И оваа учебна година нашето училиште се вклучи кон реализација на предложениот Интегрален оперативен план на Црвен крст на Република Северна Македонија преку канцеларијата на Општинска организација Чаир за учебната 2023/2024 година наменета за основните училишта.

Друштвото на ПЦК како здравствена и социјално - воспитна организација во ОУ треба да го придонесе следното:

- да го подигне нивото на здравствена култура и да ги оспособува младите да внимаваат, но и да го унапредуваат своето здравје и околина;
- да развиваат смисла за меѓусебна помош, солидарност, развивање мултикултурно пријателство и разбирање меѓу луѓето на национален и интернационален план, без оглед на национална и расна припадност, што треба да придонесе за зачувување на мирот во светот;
- да ги запознае учениците со задачите на Црвениот крст, за ублажување на последиците од вооружени воени судири и елементарни непогоди и да ги оспособува и тие да земат активно учество во реализацијата на такви акции и програми.

Во текот на првото полугодие, ООУ „Живко Брајковски“ во соработка со Општинската канцеларија на Црвен крст - Чаир се реализираа следните активности по хронолошки редослед.

**АКТИВНОСТИ НА ПЦК - ПРВО ПОЛУГОДИЕ**
**Учебна 2023/2024 година**

| Активност | Време на реализација | Организатор | Целна група | Ефекти од активноста | Фотографија |
|---|---|---|---|---|---|
| **Формирање на тим од волонтери – ученици од нашето училиште за организирање и спроведување на активности од областа на хуманата мисија на Црвениот крст** | 28 септември 2023 | Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br>**Алексанрa Николова Ивановски**<br>**Силвана Урџанис** | Ученици од одделенска и предметна настава при ООУ „Живко Брајковски“ | Запознавање со работата, визијата и мисијата на Црвениот крст и поттикнување на хуманоста и солидарноста кај најмладите уште од намлада возраст кон заедницата во која живееме и пошироко. |  |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одблежување на Недела на младите во организација на ООЦК - Чаир „Отворен ден на младите волонтери“** | 4 октомври 2023 | Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br><br>**Силвана Урџанис** | Ученици од предметна настава при ООУ „Живко Брајковски“ | Запознавање со работата на Црвен крст и регрутирање повеќе млади волонтери |  |
| **Вклучување во Кампањата „Помислете и на нас“ по повод <u>Недела на борба против гладта – 16 октомври</u>** | 9 октомври 2023 | ООЦК Чаир и Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br><br>**Александра Николова Ивановски**<br><br>**Силвана Урџанис**<br><br>**Флора Рамадани** | Ученици од одделенска и предметна настава,<br><br>наставниците и стручната служба при ООУ „Живко Брајковски„,<br><br>родителите од училиштето и граѓаните на населбата Бутел | Беа собрани, спакувани и донирани 30 прехрамбени пакети кои им беа донирани на 30 семејства од нашето училиште кои се во социјален ризик. | <br> |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Хуманитарна акција** | 20 – 30 ноември 2023 | ООЦК Чаир и Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br><br>**Алексанра Николова Ивановски**<br><br>**Силвана Урџанис** | Ученици од одделенска и предметна настава,<br><br>наставниците и стручната служба при ООУ „Живко Брајковски„,<br><br>родителите од училиштето и граѓаните на населбата Бутел | Организирање на хуманитарна акција во период од 20 - 30.11.2023 во собирање на парични средства за дете со ретка генетска болест. |  |
| **Недела за борба против зависности** | 4 декември 2023 | Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br><br>Волонтери на Црвен крст – Чаир<br><br>**Силвана Урџанис**<br><br>**Дритон Мифтари** | Сите ученици од IX одделение на двата наставни јазика (македонски и албански јазик) | По повод „Неделата за превенција од болести на<br><br>Зависности" учениците од IX одделение на двата наставни јазика<br><br>проследија едукативно предавање од страна на волонтерите на Црвен Крст-<br><br>Чаир.<br><br>Тие стекнаа знаења за штетното влијание на цигарите,дрогата |  |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Назмије**<br><br>**Бела** | | и алкохолот врз<br><br>здравјето на луѓето,а дискутираа и за начините со кои тие може да се<br><br>заштитат. | |
| **Одбележување на недела на борба против ХИВ/СИДА**<br><br>**„Што знаеме за СИДА“** | 4 декември 2023 | Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br><br>Волонтери на Црвен крст – Чаир<br><br>**Силвана Урџанис**<br><br>**Назмије**<br><br>**Бела** | Сите ученици од IX одделение на двата наставни јазика (македонски и албански јазик) | Учениците од IX одделение на двата наставни јазици<br><br>проследија едукативно предавање од страна на волонтерите Црвен Крст-Чаир.<br><br>Тие стекнаа знаења за ризиците од кој може да се заразат со овој опасен<br><br>вирус,како и начините со кои може да се заштитат од истиот.<br><br>Преку заедничка дружба и соработка тие изготвија и постер со важни пораки<br><br>против ова заболување. |  |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Врсничка едукација за прва помош** | 14 декември 2023 | Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br>Волонтери на Црвен крст – Чаир<br>**Силвана Урџанис**<br>**Назмије**<br>**Бела** | Сите ученици од VIII одделение на двата наставни јазика (македонски и албански јазик) | Ученици проследија обука „Кампања за прва помош за млади“.<br>Тие се едуцираа за брза интервенција во санирање на сериозни повреди и се насочија да бидат хумани, одговорни и солидарни !!! |  |
| **Зелен волонтеризам** | 19 април 2024 | Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br>**Алексанра Николова**<br>**Ивановски** | Сите ученици од I, II и III одделение<br>(102 ученици) | Интерактивна работилница на македонски јазик за правилно фрлање на отпадокот и негово рециклирање како и подигање на еколошката свест кај најмладите преку најразлични активности. |  |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Учество на Општинскиот натпревар по прва помош** | 01 јуни 2024 | Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br><br>**Алексанра Николова Ивановски**<br><br>**Силвана Урџанис** | 6 ученици од VII одд | Учество на Општинскиот натпревар по прва помош и освоено 10то место. |  |

**Одговорни наставници за ПЦК**
Александра Николова Ивановски
Силвана Урџанис

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ И УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ**

8 Ноември 2023

**И З В Е Ш Т А Ј**

Од реализирани вонnаставни активности од подрачјето на Безбедност и државни органи кои се во функција на заштита на сите граѓани во РСМ, со едукативни предавања на претставници од Баталјон за почести при АРМ на нашата држава.
Претставниците од Баталјонот за почести, им раскажаа многу интересни содржини од нивната секојдневна пратктика како врвни професионалци кои се грижат за безбедноста на сите нас.
Учениците цртаа и боеја мотиви од хеликоптери, тенкови, војници.



**Одделенски наставници: Ана Николовска II-1 и Атанасоска Христина II-2**

**Извештај за прва работилница во рамки на проектот**

**„Градиме доверба“**

**22.09.2023**





Во рамки на проектот „Градење доверба”,во кој проект партнери се „Центарот за толеранција и доживотно учење од Скопје“, „Македонското здружение на млади правници“, се реализираше втората работилница во учебната 2023/24. Проектот е поддржан од ЕУ односно од GCERF - Global Community Engagement and Resiliend Fund.

На работилницата учествуваат 12 ученици од 9 одделение со мешан етнички состав.

Како воведна работилница беше „Пантомима”. На еден ученик му беше даден израз кој требаше да го објасни со пантомима. Целта на оваа активност е активна вклученост и концентрација.

Како главна активност, „Играње улоги”. Учениците ги поделивме во три групи. Првата група имаше да решава ситуација-Насилник. Втората група – Жртва и третата – Набљудувач.

Целта на оваа вежба нѝ беше тимска соработка, ставање во ситуации, поттикнување за заедничко дејствување, сложно како група.

Како завршна активност учениците ја играа играта Јенга - игра за размислување, концентрација и релаксација.

На крајот од работилницата учесниците добија освежување ( сендвич и сок).

<u>Извештајот го изработи: Верче Петрова</u>

## Извештај за втора работилница во рамки на проектот

## „Градиме доверба“

## 02.11.2023





Во рамки на проектот „Градење доверба”,во кој проект партнери се „Центарот за толеранција и доживотно учење од Скопје“, „Македонското здружение на млади правници“, се реализираше првата работилница во учебната 2023/24. Проектот е поддржан од ЕУ односно од GCERF - Global Community Engagement and Resiliend Fund.

На работилницата учествуваат 12 ученици од 9 одделение со мешан етнички состав.

Како воведна работилница беше „Види се во иднина”. На учениците им беше дадено време од 10min, да размислат како и каде се гледаат по 10 години. Потоа секој учесник ја презентираше својата желба за иднината. Целта на оваа работилница е насочување и работење на учениците за исполнување на своите желби.

Како главна активност, „Решавање конфликт”. Учениците ги поделивме во три групи. Првата група имаше да решава конфликт-Кавга помеѓу ученици од мешан етнички состав. Втората група – Кавга помеѓу соседи со мешан етнички состав и третата – Кавга помеѓу родители.

Целта на оваа вежба нѝ беше тимска соработка, градење групна кохезија, поттикнување на заедничко дејствување, сложно како група.

Со самото учество на децата тие добиваат чувство на припадност и важност, но и сфаќаат дека тука се важни тие.

На крајот на работилницата учесниците добиваат освежување (сендвич и сок).

Извештајот го изработи:Верче Петрова

**ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗАЦИЈА НА SMOOTIE DAY**

На ден 20.10.2023 учениците од одделенска и предметна настава од 5-1, 3-5, 8-1, 8-2 и ученици од предметна настава од албански јазик учествуваа во реализација на smootie day. Активноста се реализираше под раководство на наставниците Александра Гулевска, Ајла Мустафа, Александра Тумбевска, Весна Стајковска, Ганимете Љамалари. Од 5-1 одд. беа присутни 8 ученици со одделенскиот раководител Александра Гулевска. Како дел од изучувањето на слободниот изборен предмет Готвење, учениците успешно ги применија стекнатите знаења за правилна употреба на приборот кој се користи во кујна, правилно селектирање на овошје и зеленчук, правилно миење пред употреба и секако употреба на соодветна униформа која се користи при подготовка на храна (ракавици и капа). Активноста е од мултиетнички карактер со ученици од одделенска и предметна настава. Заеднички се приготвуваат здрави ужинки од различен вид кои на малиот одмор се делат на останатите ученици од училиштето.





## „Денови на Еразмус“



Во рамки на Европската година на вештини и нашето училиште беше дел од „Денови на Еразмус. На 13.10.2023 со ученици од 8 и 9 одделение се одржаа работилници со мешан етнички состав, под менторство на Верче Петрова, Бернанда Мустафоска, Анета Петковска. Во реализација на работилниците учествуваа и наставниците: Дритон Мифтари, Билјана Петрова, Александра Тумбевска, Фатиме Алии, Ганимете Љамалари, Кадри Елези, Ирена Поповска, Лејла Османи.

Неделата на Еразмус имаше за цел да ја истакне културната разновидност на Европа и бројните можности за учење што ги нуди. Еразмус деновите беа одлична можност за прифаќање на европските вредности на толеранција, почит и различност.

Со вклучување во игри наставник-ученик се подобрува комуникацијата и соработката на наставниците со сите ученици и со оние на кои не им се класни и не им предаваат.








ЗАЕДНО СМЕ-СИЛНИ СМЕ-КОН ЕВРОПА ЧЕКОРИМЕ
BASHKË JEMI-TË FORTË JEMI-HAPËROJMË DREJT EVROPËS





**И З В Е Ш Т А Ј**
**за реализација на еднодневна есенска екскурзија на Водно**

На 16. 10. 2023 година на ниво на ООУ „Живко Брајковски'' Скопје се реализира еднодневна есенска екскурзија на Водно со ученици од I-IX одделение според планирањето на Годишната програма на училиштето.

Реализацијата започна со организиран превоз на учениците тргнувајќи пред училиштето во 08:30 часот, а враќањето беше во 13:00 часот.

Ескурзијата се одвиваше со организиран превоз- автобуси. До пристигнувањето учениците имаа можност да воочат разни сообраќајни средства, сообраќајни знаци. По искачувањето со автобусот го видоа Скопје и воочија висококатници, градскиот стадион, железничка станица-возови, МРТ и други позначајни објекти. По пристигнувањето ја видоа жичарата и крстот. Ја разгледаа природата, видовите дрвја, други растенија и животни. Се грижеа за чистотата на природата со што отпадоците ги фрлаа во поставените канти. Играа друштвени игри и пешачеа по патеките на планината Водно .

На ескурзијата беа присутни скоро сите ученици. Сите беа задоволни и среќни и со желба повторно да се дружима на ваква екскурзија,

Наставниците на ниво на училиштето констатираа дека екскурзијата е успешно реализирана, а поставените цели се постигнати согласно целите на Годишната програма за еднодневна научно-рекреативна екскурзија..

16.10.2023 година
Скопје

Одделенски наставник
Ленче Неделковска

**Извештај од реализирана работилница**
**„Ден на здрава храна и здрави навики“**
На ден 20.10.2023 година наставниците Весна Стајковска и Александра Тумбевска реализираа работилница со учениците од 8-1 и 8-2 одделение посветена на здравата храна и здравите навики.На оваа работилница учениците подготвуваа здрави, свежи, овошни и зеленчукови салати,а исто така подготвуваа и цедени сокови од свежо овошје и смути. Оваа работилница е од исклучителна важност за здравјето на учениците и нивните навики посветени на здравата исхрана. Учениците земаа активно учество, имаше меѓусебна дружба, стекнуваа нови знаења, вештини и подготвеност за подобра организираност.
**Наставници – реализатори: Весна Стајковска и Александра Тумбевска**

**ИЗВЕШТАЈ**
Извештај за посетата на Баталјонот за почести на Армијата на Република Северна Македонија од 08.11.2023 година. Посетата на нашето училиште не беше несекојдневно искуство за нив. Учесниците на Армијата ги објаснија своите професионални и работни обврски кон татковината.
Цел: Целта на оваа посета беше децата да се запознаат со безбедносните механизми во земјата каде што живееме.
**Наставник**
Блерина Груби Сопа

**И З В Е Ш Т А Ј**

**за реализација на работилница „Заедно се радуваме и твориме“**

На ден 26.12.2023 година учениците од трето одделение од ООУ „Живко Брајковски ’’ Скопје реализираа работилница со ученици од трето одделение (III- 1,2,3,4,5) со цел јакнење мултиетничка соработка и меѓусебно запознавање на учениците од различни етникуми.

Активностите беа реализирани со индивидуална и работа во групи со 24 ученици од иста возраст, различен пол и националност (машки -12, женски-12, Македонци-10, Албанци-12, Бошњаци-2) организирани и реализирани од наставниците од Активот на трето одделение – Лилјана Стојановска, Ленче Неделковска, Флора Рамадани, Флора Жерка и Ајла Мустафа. а беше посетена од одделенски наставници, стручна служба и директорот на училиштето.

Работилницата „Заедно се радуваме и твориме" беше реализирана по повод Нова година.

Истата започна со меѓусебно запознавање на учениците, учење зборови на јазикот на другарчињата: добар ден, довидување, Нова година, Дедо Мраз, елка, новогодишни желби... на македонски и албански јазик.
По ова учениците работеа во мешани групи и изработуваа новогодишни украси кои потоа беа презентирани и поставени во училишниот хол.

Учениците меѓусебно се запознаваа и комуницираа, вербално и невербално,

Преку активностите беше пренесена порака дека заедно можеме да твориме и направиме добри изработки, заедно да се радуваме и соработуваме, иако сме различни, но сепак исти во своите интереси и желби.

26.12.2023 година — Одделенски наставници:

Скопје — Лилјана Стојановска, Ленче Неделковска,

Флора рамадани, Флора Жерка, Ајла Мустафа

**ИЗВЕШТАЈ**

Извештај за учеството на учениците во програмата организирана за 22 ноември - Ден на азбуката на албанскиот јазик во ООУ „Живко Брајковски“ од 21.11.2023 година.



Учениците од второ и трето одделение во соработка со учениците од ООУ „Александар Македонски“ учествуваа со точка на играње, рецитирање, драматизација во програмата организирана во училиштето за Денот на азбуката на албанскиот јазик.

Цел: Соработка за одбележување и прогласување на Денот на азбуката. 22 ноември е важен ден за сите Албанци бидејќи е создадена азбуката во која уживаме и ја користиме денес.

Флора Жерка

Блерина Груби Сопа

Адем Алил



## ИЗВЕШТАЈ

за одбележување Детска недела

Првата седмица од месецот Октомври е седмица посветена на дечињата од целиот свет. Неделата започна со најубавиот Светски ден на детето.На ден 6.10.2023година,учениците од прво одделение дадоа ветување дека вредно ќе учат, редовно ќе доаѓаат во училиште и ќе ги почитуваат своите другарчиња, наставниците и родителите. Со тоа тие станаа членови во Детската организација. Учениците и преку ликовни творби ја одбележаа Детската недела.

Актив на прво одделение

**Извештај за еколошка акција**

На ден 24.11.2023 г. под мотото „Растеме заедно, растеме зелено", во дворот од нашето училиште беа донирани зимзелени и листопадни дрва од страна на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност. Директорот м-р Марко Ѓорѓиевски, заедно со учениците и наставниците ги засадија дрвјата со цел да се облагороди училишниот двор. Учениците креираа и еко пораки кои беа закачени на дрвцата, со што се поттикнува еколошката свест и едукација кај учениците од најмала возраст.

Одговорни наставници Верче Петрова и Силвана Урџанис






**Извештај за Меѓународен ден за борба против HIV/СИДА**

На 1 Декември го одбележуваме светскиот ден за борба против HIV/СИДА.По тој повод група ученици од осмо и деветто одделение со различен етнички состав изработија постер, испишаа важни пораки поврзани со ова заболување, а исто

така изработија и црвени машнички кои всушност се симболот за овој ден.

Потоа сите ученици заедно со нивните наставнички по биологија се упатија кон општинската зграда каде беа пречекани од надлежните од одделението за јавни дејности.

Таму се водеше дискусија за начините на пренесување и заштита од HIV вирусот. Исто така учениците имаа можност на дел од вработените да им подарат испишана порака и да им прикачат црвена машничка.

Одговорни наставници: Силвана Урџанис и Назмие Бела







## Извештај за спроведена онлајн работилница

На 10.10.2023 година ООУ„Живко Брајковски“ Скопје реализираше работилница на далечина со партнер училиштето ООУ„Ванчо Прке“ од Делчево.Оваа работилница е дел од проектот од Министерство за образование и наука за Меѓуетничка интеграција и мултикултурализам.
На онлајн работилницата учествуваа училишниот психолог Андријана Јовановска, наставникот по ликовна уметност Дритон Мифтари, наставничките по биологија Силвана Урџанис на македонски наставен јазик и Назмије Бела на албански наставен јазик.
Работилницата беше на тема: „Активности и едукација за есенско садење дрвја и садници“. Учениците од осмо и деветто одделение на македонски и албански наставен јазик презентираа свои едукативни содржини и слики од активностите на училиштето за засадување на садници во училишниот двор.
На онлајн работилницата подетално се обработи темата за засадување на садници и учениците од двете партнер училишта се здобија со конкретни информации како правилно да садиме садници, каде да се сади и кога да се сади.
На онлајн работилницата се договоривме за средба со физичко присуство во Делчево на 31.10.2023 година, каде практично ќе ги примениме знаењата од теоретскиот дел од онлајн работилницата и ќе засадиме повеќе садници во чест на нашето пријателство во подножјето на планината Голак.










Психолог: Андријана Јовановска

## ИЗВЕШТАЈ ОД ИНТЕРВЈУ

Учениците од V-1одд. како дел од изучувањето на МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ на часовите по македонски јазик, одлучија на практичен начин да го применат стекнатото знаење. Изработија покана која ја доставија до стручната служба на училиштето. Поканата беше со цел да се реализира интервју во кое учениците ќе бидат новинари, а директорот Магда Пеева и стручниот едукатор и рехабилитатор Берта Мустафоска ќе одговараат усно на поставените прашања.



Одделенски раководител:
Александра Гулевска



## ИЗВЕШТАЈ ОД ПОСЕТА НА CINEPLEXX

Учениците од V-1 и V-2 по повод новогодишните празници во рамки на вонnаставните активности, а со цел дружење на двете одделенија и практично усвојување на дел од медиумската култура, заедно со одделенските наставнички Александра Гулевска и Александра Николова Ивановски ја проследија проекцијата на филмот „Вонка“ во кино Cineplexx MK кој ја поттикнува имагинацијата и креативноста, но имаше и одлична порака дека „Не е важна чоколадата, туку со кого ја делиш“.

Одделенски раководители:
Александра Гулевска и Александра Николова Ивановски





## ИЗВЕШТАЈ ОД ПОСЕТА НА РЕСТОРАН БАЈКА

На ден 05.10.2023 учениците од V-1 и V-2 одд. беа во посета на ресторан Бајка кој се наоѓа во н.Бутел. Како дел од слободниот изборен предмет Готвење, учениците изучуваат како правилно се сервира приборот за јадење. Бидејќи теоријата најдобро се меморира кога практично се изучува, во ресторанот стручниот персонал нѝ одржа час за правилно сервирање и користење на приборот за јадење. Откако ја проследија презентацијата од келнерот, се поделија во групи и се натпреваруваа која група, најдобро ќе ја сервира масата. Победниците беа избрани од самиот келнер кој го држеше предавањето. Предавањето беше под раководство на одделенските наставнички Александра Гулевска и Александра Николова Ивановски.







## ИЗВЕШТАЈ ОД ПРИРЕДБА ПО ПОВОД ПРИЕМ НА ПРВАЧИЊА

Ритмичката секција од училиштето учествуваше во свечениот дел за прием на првачиња во учебната 2023/24 год. Во приредбата учествуваа 30 ученици од 3, 4 и 5 одделение од македонски и албански наставен јазик. Настапија со химната на училиштето и ритмичка кореографија на детска песна „Лајк“. Во хорската изведба учествуваа сите ученици, а во ритмичката кореографија учествуваат 10 ученици.





## ИЗВЕШТАЈ ОД ЧЕСТВУВАЊЕ НА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

На 7.12.2023 учениците од V-1 и V-2 под менторство на одделенските наставнички Александра Гулевска и Александра Николова Ивановски изработуваа хамер со убави мисли за јазикот и мозаик со азбуката.





**И З В Е Ш Т А Ј**
**За реализација на посета на Македонска филхармонија Скопје**

На ден 15.11. 2023 година Активот на одделенска настава од ООУ „Живко Брајковски“ Скопје реализира посета на Македонска филхармонија Скопје и при што учениците го проследија концертот за деца „Оловното војниче“.

Посетата беше организирана со 111 ученици на македонски и албански наставен јазик од прво до четврто одделение со наставниците од одделенска настава во организација и координација на одделенскиот наставник Ана Николовска.

Учениците, заедно со своите наставници, тргнаа во 11:00 часот пред училиште со организиран автобуски превоз.

Во просториите на Македонска филхармонија учениците следеа концерт од професионални музичари од филхармонија. Учениците имаа интеракција со музичарите и беа целосно вклучени при изведувањето на концертот.

Од оваа посета учениците се стекнаа со сознанија за начин на изведување на концерт во концертна сала, однесување при посета на концерт, запознавање со музичка сцена, музичари, музички инструменти...

По завршувањето на концертот, учениците се вратија во училиште со организиран автобуски превоз, восхитени од посетениот концерт.

15.11.2023 година<br>Скопје

Одговорен наставник<br>Координатор: Ана Николовска<br>Актив на одделенска настава

**И З В Е Ш Т А Ј**

**За реализација на посета на новогодишна претстава**

На ден 14.12. 2023 година Активот на одделенска настава од ООУ ,,Живко Брајковски'' Скопје реализира посета на новогодишна претстава ,,Доаѓа Дедо Мраз“

Посетата беше организирана со ученици на македонски и албански наставен јазик од прво до петто одделение организирана од наставниците од одделенска настава .

Учениците, заедно со своите наставници ја следеа претставата и земаа активно учество преку интеракција со актерите кои ја изведуваа претставата.

Од следењето на претставата учениците се запознаа со поимите актери, костими, костимографија, сцена, сценографија.

На оваа претстава учениците ги кажаа и своите новогодишни желби кои му ги пренесоа на Дедо Мраз.

По завршувањето на претставата, учениците беа восхитени од актерите и самата атмосфера која им го подобри новогодишното расположение.

14.12.2023 година — Одговорни наставници

Скопје — Актив на одделенска настава

**И З В Е Ш Т А Ј**
**За реализација на посета на Општина Бутел- Скопје**

На ден 10.11.2023 година учениците од 4-1 и 4-2 одд беа во посета на општината по изучените наставни содржини за Општина во темата „Средината во која живеам“ по предметот Историја и општество .
Учениците непосредно се запознаа со градоначалникот, неговата работа, со работата на Советот на општината, како и со работата на општинската администрација. Учениците беа задоволни и среќни.
Присутни беа 21ученици.

10.10.2023 година
Скопје

Одд наставници:
Роза Нешова 4-1одд
Мирфетка Јашароска 4-2 одд



**И З В Е Ш Т А Ј**
**За реализација на заедничка Мултикултурна работилница**

На ден 10.10.2023 година учениците од 4-1,4-2 и 4-4одд, одржаа заедничка мултикултурна работилница по повод 11 Октомври-Ден на народното востание. Работилницата беше организирана со ученици на македонски и албански наставен јазик од четврто одделение.

Учениците, заедно со своите наставници изработуваа пораки, текстови и стихотворби по повод народното востание во Македонија.

Од заедничката работилница учениците меѓусебно се запознаа, се запознаа со поимите од народното востание.

По завршувањето на работилницата, учениците беа восхитени од заедничката постигнатата цел.

10.10.2023 година Одд наставници :Роза Нешова 4-1 Мирфетка Јашароска 4-2 Фатиме Мифтари 4-4





**И З В Е Ш Т А Ј**

Од реализирани активности во соработка на учениците од II-1 и II-2 одделение

Претстава пред публика по повод „Детска недела“

ДРАМАТИЗАЦИЈА „Волшебните зборови“

5 Октомври 2023





За реализација на оваа активност претходно беше изработена сценографија, „Пејсаж“, со цел да биде претставена и доловена слика од еден обичен ден кој се случува на одредено место. Целта од овие активности беше реализирана според можностите на секој ученик. Секој ученик активно учествуваше и се ангажираше максимално според своите способности. Учениците кои ги драматизираа ликовите, многу успешно и самоуверено ги презентираа содржините и главните пораки на „волшебните зборови“ - добар ден, се извинувам, ве молам, благодарам, имајте убав ден. Примената на овие зборови во секојдневната комуникација ќе ги збогати учениците со културни навики во изразувањето и комуникацијата со други.

**Одделенски наставници: Ана Николовска II-1 Атанасоска Христина II-2**

**И З В Е Ш Т А Ј**

Од реализирани вонактивности за унапредување на меѓуетничка интеграција и мултикултурализам со учениците од 2-2 ,4-2 македонски наставен јазик и 4-4 , албански наставен јазик на тема:

**„Твориме и изработуваме новогодишни украси“**

Реализирана активност со меѓупредметна корелација: македонски и албански јазик, ликовно образование.
Воведни активности:
Насочена комуникација и поставени прашања од нас, наставничките, на темата „Нова година“: Дали сите го одбележуваат доаѓањето на Новата година со украси, елки, лампиони,светки во разни бои? Дали имаат желби и дали веруваат во Дедо Мраз? Дали напишале писмо или можеби песничка која ја посветиле на Дедо Мраз?
На табла ги испишавме зборовите кои меѓусебе учениците ги разменија за да се запознаат на двата наставни јазици:
Нова година, елка, лампиони, украси, изработки, Дедо Мраз, Снешко,зима, снег.
Главни активности:
Ги поделивме учениците во 5 групи со цел да си помагаат и да споделуваат идеи што да се изработи од материјалите кои веќе беа подготвени, но и секој ученик имаше свои материјали па така заеднички се изработија облачиња со снегулки, што го красат училишниот хол помеѓу двете училници.
Бидејки со 4-2 ја делиме истата училница, ја украсивме и новогодишната елка со лампиони во разни бои и многу други новогодишни украси. Магична беше атмосферата бидејки сите се согласија дека за нив овој период од годината е еден од поубавите.
Завршни активности:
Целта од овие активности беше реализирана со убаво расположение и секој ученик се трудеше да реализира што поубава идеја.






Одделенски наставници: Христина Атанасоска II-2, Мирфетка Јашароска IV-2 и Фатиме Мифтари 4-4

**И З В Е Ш Т А Ј**

Од реализирани активности за унапредување на меѓуетничка интеграција и интеркултурализам со учениците од 2-2 , македонски наставен јазик и 2-5 , албански наставен јазик.

Активностите се дел од воннаставна содржина за афирмација и поттикнување на компентенциите на учениците во подрачјето на Финансиска писменост, со едукативни предавања на претставници од ХАЛК банка.

**„Мојата желба ја остварувам со штедење“**

Реализирана активност со меѓупредметна корелација: македонски и албански јазик , ликовно образование.
Воведни активности
Преку прашања од нас, наставничките и одговори на учениците ,во воведниот дел  во врска со начинот на кој децата штедат за да си ја остварат својата посакувана играчка, желба и дали ако штедат ќе може да си ја имаат за своја, односно да ја купат.
Зборови со кои се запознаа на двата наставни јазици:
Пари
Монети
Банкноти
Штедам
Играчка
Желба
Касичка
БАНКА каде што има многу касички: Ги претставивме претставниците од ХАЛК БАНКА.

Главни активности
Претставниците од „Халк банка“ им раскажаа многу интересни содржини и кратки приказни за Халки, слончето кое научило да ги штеди своите парички и на тој начин ја остварил својата желба. Добија едукативни брошури, буквар со сите термини од областа на Финансиите на македонски и албански јазик со цел да се запознаат на кој начин можат да штедат од рана возраст.
Учениците го цртаа и боеја Халки како заштитна маскота на оваaа финансиска институција.







Завршни активности: Целта од овие активности беше реализирана според можностите на секој ученик.

**Одделенски наставници: Атанасоска Христина II-2 и Менсуре II-5**

**„ Настава по математика – надминување на предизвиците„**








Во период од 13-15.12.2023 година во Белград, Србија, како наставници по математика Верче Петрова и Елена Апостолоска имавме чест да учествуваме на дводневен настан „Настава по математика – надминување на предизвиците“- Nastava matematike – izazovi i kako ih prevazići".

Настанот беше организиран од „Национална агенција за европски образовни програми и мобилност“ и српската агенција за европски образовни програми „Фондација Темпус“.

Основна цел на настанот беше да ги истражува ефективните практики во наставата по математика и да им помогне на наставниците по математика да ги подобрат своите работни активности и практики преку алатки, ресурси и иновативни пристапи.

На настанот, конференцијата беа присутни оклиу 50 професори кои предаваат во основно и средно училиште и на факултетот по математика. Професори освен од Македонија, имаше од Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.

**Недела на гладта – 16 октомври**
**(МИО активност)**

Во соработка со Црвен крст на Република Северна Македонија, и оваа година нашето училиште се вклучи во Кампањата „Помислете и на нас“ по повод Недела на гладта - 16 октомври.
Учениците од V-2 и III -3 под менторство на одделенските наставнички Александра Николова Ивановски и Флора Рамадани, заедно собираа храна на поставениот пункт, ја пакуваа и дистрибуираа до семејства од нашето училиште кои се од ранлива социјална категорија.







**И З В Е Ш Т А Ј**

Од реализирани вонактивности за поттикнување и креативни изразувања во меѓусебната соработка на учениците од 2-1 и 2-2 на македонски наставен јазик на тема: „Новогодишно украсување на училишениот хол “

Реализирана активност со меѓупредметна корелација со македонски јазик и ликовно образование

Воведни активности:

Насочена комуникација со поставување прашања до учениците на темата „Нова година“: Дали го украсуваат својот дом, својата соба? Дали ја украсуваат елката со лампиони? Дали добиваат подароци , новогодишни пакетчиња од Дедо Мраз?

Главни активности:

По насочената комуникација се пристапи кон изработка на елементи кои се делови од украсувањата, лепење, сечење, комбинирање на бои и материјали, спојување во една целина: на хамери залепени на постоечки поставки во зелена и црвена боја поставивме лента за елка, голема црвена машна,лампиони од креп хартија,ѕвезди од стиропор, хартија, ленти и на тој начин искреираа прекрасна изработка со која го одбележуваме доаѓањето на Новата година.

Завршни активности:

Целта од овие активности беше реализирана со максимално учество на сите ученици и завршени украсни елемент

Одделенски наставници: Ана Николовска II-1 Атанасоска Христина II-2



**Одбележување Детска недела**
**(МИО активност)**

Секоја година, првата седмица од месец октомври им се посветува на децата под мотото Детска недела, а првиот ден од Детската недела е Универзалниот Ден на детето.

Со цел да се подобрат детските права и нивната заштита, учениците од V-2 и V-3одд. на 6.10.2023 година, под менторство на нивните одделенски наставнички Александра Николова Ивановски и Шејнур Зејадини се вклучија со заеднички активности во низа други во училиштето со изработка на хамер и рецитирање песна за Детските права на двата јазика.

Оваа активност беше ви рамки на МИО активностите.



**Извештај од Одбележување на Недела на правата на детето – 20 Ноември (МИО активност)**

Во рамки на одбележувањето „Недела на правата на детето“, учениците од III – 3 и V – 2 со одделенските наставнички Флора Рамадани и Александра Николова Ивановски при ООУ „Живко Брајковски“ –Бутел, ја посетија Првата детска амбасада во светот – Меѓаши на 27.11.2023 година.

Целта на ова посета беше учениците од блиску да се запознаат со нивните права, со институцијата која важи како една од најистакнатите во заштитата на децата. Во рамки на оваа посета, учениците се стекнаа со знаење за меѓународните најдобри практики, застапување на детските интереси и почитување на детската личност, спроведување на конвенцијата за правата на детето.

Учениците имаа прилика да се запознаат и со историјата на Првата амбасада – Меѓаши и значењето на нејзиното име, логото и со ликот Бушавко.

Оваа посета се реализираше е во рамки на МИО активностите на ООУ „Живко Брајковки“ -

Бутел.

Одделенски наставници: Флора Рамадани, Александра Николова Ивановски

**Извештај од реализирана посета на инклузивна претстава „Сеќавања“**

На ден 25.12.2023 година наставниците Весна Стајковска и Александра Тумбевска заедно со учениците од 8-1 и 8-2 одделение ја посетија инклузивната танцова претстава „Сеќавања“ во Македонската опера и балет.Во оваа претстава учествуваа танчери без и со попречености кои танцуваа на безвременските македонски евергрини.Ова беше еден ролеркостер низ времето, исткаен со посебни емоции, љубов, среќа. Претставата беше во чест на инклузијата, која од најмали нозе ги учи танчерите на емпатија, љубов, другарство, заедништво и сплотеност.

**Наставници – реализатори: Весна Стајковска и Александра Тумбевска**

**И З В Е Ш Т А Ј**

Од реализирани активности на учениците од II-1 и II-2 одделение

Час по природни науки-наставна содржина, живеалишта-изработка на ливада.

29 септември 2023

Реализирана активност со меѓупредметна корелација: природни науки, ликовно образование и македонски јазик**.**









Воведни активности

Учениците се делат во две групи по паралелки, се потсетуваме за видовите живеалишта и се задржуваме на живеалиште ливада. Набројуваме видови животни и растенија кои се карактеристични за ова живеалиште. Се изразуваат со полни реченици опишувајќи ја ливадата и при тоа се дополнуваат дека Сонцето, почвата и воздухот и водата се многу важни за да има соодветни услови за растенијата и животните кои живеат во живеалиштето ливада.

Главни активности

Учениците поделени во групи изработија цветови, трева, сечеа со ножици животни а истовремено ги боеја и лепеа на хамерите. Учениците креативно размислуваа, соработуваа, си помагаа меѓусебе и развиваа тимски и комуникациски вештини. Овој постер ги красеше училниците, така што кај учениците се создава чувство дека тие се вредни и трудољубиви ученици и можат да го изработат тоа што ќе го замислат.

Завршни активности

Целта од овие активности беше реализирана според можностите на секој ученик. Секој зема активно учество и се ангажираше максимално според своите способности.

**Одделенски наставници: Ана Николовска II-1 Атанасоска Христина II-2**

**Извештај од реализирана посета**

**Посета на Народното собрание**

На ден 03.11.2023 година наставниците Весна Стајковска и Александра Тумбевска заедно со учениците од 8-1 и 8-2 одделение го посетија Народното собрание на нашата држава.

Посетата беше реализирана со водич, кој им ги покажа сите поважни простории во собранието, им објасни која година е изграден објектот, на кој начин е уреден целиот објект, како функционираат салите, самата изработка на кабинетите и ентериерот итн.

Учениците беа воодушевени од целата зграда, пристапот на вработените и воопшто целата прошетка низ собранието.

**Наставници – реализатори: Весна Стајковска и Александра Тумбевска**

**И З В Е Ш Т А Ј**

Од реализирани вонактивности за чествување на Св. Климент Охридски и искажување поклон пред неговото дело преку, рецитал, пораки и читање мисли за него и македонскиот јазик Искажавме благодарност што трае низ вековите и неговите достигнувања се аманет за сите идни генерации.



Одделенски  наставници: Ана Николовска II-1 Атанасоска Христина II-2

4 јуни 2024

**И З В Е Ш Т А Ј**

Од реализирани воннаставни активности по предметот општество за второ одделение,тема населено место.

Целта на активноста беше учениците директно да се запознаат со блиската околина во населено место на училиштето и притоа да се запознаат со крстосница и кружен тек. Учениците се запознаа со почитување/не на правилата во сообраќајот кога се во улога на пешак и на велосипедист, како ги користат основните сообраќајни знаци и ознаки (знак стоп, знак за пешачки премин, знак за училиште, за велосипедска патека и безбедно место за игра). Набљудување на семафор, правилата на почитување во сообраќајот. Се запознаа и со кружен тек, и правилата на вклучување во кружен тек. Сите ученици заклучија дека најбезбедно е кога се почитуваат правилата во сообраќајот и преминување на улици на пешачки премин.
Учениците беа мотивирани и задоволни од активностите и знаењата.





**Одделенски наставници: Ана Николовска II-1 и Атанасоска Христина II-2**

**И З В Е Ш Т А Ј**

Од реализирани воннаставни активности од подрачјето на посета на државни органи-посета на претседателскиот кабинет и средба со претседателот на нашата држава г-дин Стево Пендаровски.

Организиран превоз до вилата на претседателот и почитување на сите протоколи при организацијата на посетата. Разговор со претседателот, разгледување на просториите каде што се пречекуваат делегации од сите странски држави. Разгледување на сите значајни обележја, пред се местото и улогата на државничкото знаме.

Учениците беа мотивирани и љубопитни за средбата со претседателот.



**Одделенски наставници: Ана Николовска II-1 и Атанасоска Христина II-2**

**ДВОДНЕВНА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА**
**СО ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ**



Во периодот од 28-29.05.2024 се одржа дводневна наставно-научна екскурзија со учениците од VI-1, VI-2, VI-3, VI-4 и VI-5 одделение со меѓуетнички карактер. Екскурзијата се реализираше низ источна Македонија со 59 ученици и 4 наставници.

**Одговорни наставници:**

1. **Верче Петрова**
2. **Саниа Качар**
3. **Лејла Османи**
4. **Назмие Бела**

**Цел на екскурзијата:**

- Проширување и продлабочување на знаењата стекнати во текот на досегашниот деветгодишен образовен процес, преку посета на историски споменици, природни убавини, музеи, реткости.
- Негување на мултетничката толеранција, соживот, соработка.

Организацијата и реализацијата беше изведена од страна на агенцијата Т.А. „Балкан Фан“. За реализација на истата беа испочитувани сите законски норми, што значи беше обезбеден водич и здравствено лице – доктор за цело време од екскурзијата кои што доследно си ја извршија својата задача.

Превозот беше со високо туристички автобуси.

Покривањето на трошоците за екскурзијата беше направено пред тргнување од страна на родителите во износ од 2990,00 ден.

Првиот ден од екскурзијата започна со посета на Археолошкиот локалитет Кокино. Потоа следуваше посета на еден од настарите градови во Македонија, Кратово. Во Кратово го посетивме музејот – во кој можевме да го видиме културно-историското наследство на тоа подрачје. Го посетивме мостот со интересна историска приказна. Учениците имаа можност да прошетаат и да ги разгледаат убавините и на градот Струмица. Во попладневните часови пристигнавме во Дојран, каде се сместивме во хотел Полин и прекрасна локација, покрај Дојранско езеро. По вечерата следуваше забава, на која учениците имаа можност да се дружат и подобро да се запознаат. Забавата беше со меѓуетнички карактер.





Вториот ден беше резервиран за разгледување на убавините на градот Дојран и прошетка покрај Дојранско езеро. Во утринските часови по доручекот, учениците имаа и спортски активности, кои исто така беа со меѓуетнички карактер. По ручекот следеше напуштање на хотелот и се упативме кон винаријата „Вила Марија“ во Демир Капија, каде проследивме едукативно предавање поврзано со историјата на самата винарија. Учениците уживаа и се одмараа во прекрасниот двор на винаријата. Како крајна дестинација пред пристигнувањето во Скопје беше посетата на археолошкиот локалитет Стоби.

На оваа екскурзија, покрај возбудливите и прекрасни впечатоци, кои долго ќе им останат во сеќавање, учениците имаа можност за меѓусебна дружба и проширување на нивните пријателства.











ИЗВЕШТАЈ БР.1

Работилница: April Fool’s Day

По повод денот на шегата на часот по англиски јазик се одржа заедничка работилница на учениците од 5-1 и 5-2 на 01.04.2024.

Учениците беа поделени во групи и требаше заеднички да осмислат некоја шега и потоа да ја презентираат пред класот.

Во текот на активноста на работилницата, учениците си помагаа и соработуваа. Се создаде прекрасна работна атмосфера. Другаруваа, се консултираа меѓу себе и се забавуваа слушајќи ги шегите на своите другарчиња.

Предметен наставник: Маја Ѓорѓевска

ИЗВЕШТАЈ БР.2





Работилница: Earth Day

По повод денот на Земјата, на часот по англиски јазик се одржа заедничка работилница на учениците од 5-1 и 5-2 на 22.04.2024.

Учениците беа поделени во групи и дел од учениците требаа да изработат канти за селектирање отпад, а дел од нив да изработат постер/хамер.

Во текот на активноста на работилницата, учениците си помагаа и соработуваа. Се создаде прекрасна работна атмосфера. Креативноста на учениците беше голема и им навираа нови идеи. На тој начин како финален продукт создадоа прекрасни изработки. На крајот на работилницата учениците ги презентираа своите изработки.

Предметен наставник: Маја Ѓорѓевска

## ИЗВЕШТАЈ БР.1

Работилница: Happy Easter

На ден 23 април 2024 наставниците по француски јазик, англиски јазик, германски јазик и македонски јазик, одржаа заедничка работилница по повод Велигден.

Секој наставник учествуваше со по неколку свои ученици. Наставниците ја започнаа работилницата со тоа што секој наставник се претстави на јазикот кој го предава. Потоа учениците кажуваа како се прославува Велигден во Франција, Англија, Германија и Македонија.

Учениците беа поделени во неколку групи во кои требаа да изработат постер/хамер. Учениците од секоја група прво дискутираа и разменуваа мислења за своите изработки. Сите групи имаа различни идеи. Додека ги изработуваа постерите учениците меѓусебно соработуваа а истовремено се запознава и другаруваа. Наставниците ја следеа нивната работа и доколку учениците побараа помош им помагаа на учениците.

На крајот на работилницата учениците ги презентираа своите изработки.

Изработените постери беа закачени во дел од училниците и во ходникот од училиштето.




## ИЗВЕШТАЈ БР.2

Работилница: $14^{th}$ February – St. Valentine's Day
14 février - St. Saint Valentin
14. Februar - St. Valentinstag

На д о француски јазик, англиски јазик, германски јазик и македонски јазик, одржаа заедничка работилница по повод 14 февруари – денот на вљубените.

Секој наставник учествуваше со по неколку свои ученика. Учениците беа поделени во неколку групи во кои требаа да изработат постер/хамер, честитка или некоја друга изработка. Учениците од секоја група прво дискутираа и разменуваа мислења за што да изработат. Сите групи имаа различни идеи. Додека ги изработуваа изработките учениците меѓусебно соработуваа а истовремено се запознава и другаруваа. Наставниците ја следеа нивната работа и доколку учениците побараа помош им помагаа на учениците.

Во текот на активноста на работилницата учениците со меѓусебна соработка и помош. Се создаде прекрасна работна атмосфера. Соработуваа, се дружеа, се консултираа меѓу себе. Научиа неколку зборови од јазикот кој не го познаваат и не го изучуваат. На тој начин како финален продукт создадоа прекрасни изработки. Креативноста на учениците беше голема и им навираа нови идеи.

На крајот на работилницата учениците ги презентираа своите изработки.
Изработените постери и изработки беа закачени во дел од училниците и во ходникот од училиштето.

ИЗВЕШТАЈ БР.3

Работилница: 8th of March – Happy Mother's Day
8. März - Glücklicher Muttertag
8 mars - Bonne fête des mères

По повод денот на мајката 8ми март, наставниците по француски јазик, англиски јазик, германски јазик и македонски јазик, одржаа заедничка работилница на 08.04.2024.

Секој наставник учествуваше со по неколку свои ученика. Учениците беа поделени во неколку групи во кои требаа да изработат постер/хамер, честитка или некоја друга изработка. Учениците од секоја група прво дискутираа и разменуваа мислења за што да изработат. Сите групи имаа различни идеи. Додека ги изработуваа изработките учениците меѓусебно соработуваа а истовремено се запознава и другаруваа. Наставниците ја следеа нивната работа и доколку учениците побараа помош им помагаа на учениците.
Во текот на активноста на работилницата учениците со меѓусебна соработка и помош. Се создаде прекрасна работна атмосфера. Соработуваа, се дружеа, се консултираа меѓу себе. На тој начин како финален продукт создадоа прекрасни изработки. Креативноста на учениците беше голема и им навираа нови идеи.

На крајот на работилницата учениците ги презентираа своите изработки.
Изработените постери и изработки беа закачени во дел од училниците и во ходникот од училиштето, а пак дел од честитките учениците ги подарија на наставниците и на стручната служба.

## ИЗВЕШТАЈ

Од 13.06.2024 година –Азбучна прослава

Во четврток на 13.06.2024 година беше организирана програма од учениците од II-3, програмата беше за “Азбучна прослава” кој се одржа во училницата каде беа поканети родителите.Үчениците пееја, рецитираа, играа и водеа програмата. На крајот од програмата секој ученик беше пофален од наставникот за успешно учење на читање и пишување на буквите на албанскиот јазик.





Наставник
Блерина Груби

**Извештај за одржана работилница во рамки на проектот**
**„Градиме доверба“**
**29.02.2024 – ООУ „Живко Брајковски” – Бутел**



Работилницата ја започнавме во 12:15 часот и ја завршивме во 13:45 часот Оваа работилница ја започнавме со игра за запознавање. Целта на воведната работилница е претставување и запознавање меѓусебно.

Потоа следеше „Симбол”. Во оваа работичница учениците како група требаше да смислат симбол и име на истиот кој ќе го претставува школото за време на кампот. Учениците имаа можност да даваат идеи, разменуваат мислења и да направат симбол кој ќе ги претставуваат сите заедно.

Како главна активност се работеше „Конфликти“. Се разговараше на темата и учениците на дадените изкази избираа „Се согласувам“, „Не се согласувам“. Секој ученик си даваше аргументи за своето мислење и определување.

Следеше активност во која секој ученик имаше можност да искаже моменти од својот живот поврзани со некои чувства, било да се тоа тага или радост. Целта на оваа вежба беше повторување и зацврстување на знаењата за чувствата, битноста од искажувањето и ослободувањето од истите.

Следеше вежбата „Придобивки”, која претставуваше евалуација на целокупниот процес преку придобивките на учесниците, битноста на работилниците. Учениците со насмевки на лицата ги искажуваа своите придобивки.

Денешната работилница ја завршивме со делење на оброци на учесниците во која добија 10 минутна пауза за закуска.

На работилницата учествуваа 12 ученици, 10 ученици, наставничката Александра Тумбевска и специјалниот едукатор и рехабилитатор Бернанда Мустафоска.

Работилницата ја реализираа професорката Верче Петрова, наставник од ООУ Живко Брајковски и Дарко Јовановски од центарот за толеранција, Митра Блажевска – професор по македонски јазик во СУГС„ Раде Јовчевски - Корчагин”.

Извештајот го подготви ја
**Верче Петрова**
**Александра Тумбевска**
**Бернанда Мустафоска**

## Одбележување на Меѓународниот ден на МИРОТ

**Датум:** 21.09.2023
**Место на реализација:** училиште
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 17

Учениците од V-2 го одбележаа Меѓународниот ден на МИРОТ - 21 септември.
Упативме гласни пораки за мир и посакавме желби за многу љубов, грижа, прегратки, насмевки и пријателство во светот!



**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски

## Посета на ресторанот Бајка

**Датум:** 05.10.2023
**Место на реализација:** Ресторан Бајка - Бутел
**Вкупен број на ученици од IV-2 одделение**: 18

Учениците од V-1 и V-2 одд. со одделенските наставнички Александра Гулевска и Александра Николова Ивановски денешниот час по предметот Готвење, го реализираа во ресторанот Бајка. Учениците преку практичен пример научија како правилно се сервира приборот за јадење. Благодарност до ресторан Бајка, до Тања и Горде кои излегоа во пресрет за практична реализација на наставната содржина.




**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски



Александра Гулевска

## Реализација на МИО час меѓу V-2 и V-3 по повод Детската недела

**Датум:** 06.10.2023
**Место на реализација:** ООУ „Живко Брајковски“
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 20

По повод Детската недела на 06.10.2023 година одделенијата на V-2 и V-3 изработија заеднички хамер, и заедно ја изрецитираа песната „За сите деца во светот“, со цел јакнење на мултиетничка соработка меѓу младите ученици од нашето училиште.

На часот присуствуваа 20 ученици од кои 10 момчиња и 10 девојчиња со етнични состав на македонци, албанци, бошњаци, роми и срби.

На крај групите ја презентираа изработката пред сите ученици во училишниот хол.

**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски
Шејнур Зејадини

## Посета на Македонска филхармонија - детски концерт „Оловното војниче“

**Датум:** 15.11.2022
**Место на реализација:** Македонска филхармонија
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 17

На 15.11.2023 година 14 ученици од V -2 одделение од ООУ „Живко Брајковски“ беа во посета на Македонската филхармонија каде го проследија концертот за деца со наслов „Оловното војниче“, на музика од македонскиот композитор Филип Иванов. Диригент е Борјан Цанев, а наратор е актерот Мартин Јордановски.



**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски



## Одбележување Недела на правата на детето – 20 Ноември

**Датум:** 27.11.2023
**Место на реализација:** Прва детска амбасада во светот - Меѓаши
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 18

Во рамки на одбележувањето Недела на правата на детето, учениците од III – 3 и V – 2 со одделенските наставнички Флора Рамадани и Александра Николова Ивановски при ООУ „Живко Брајковски“ – Бутел, ја посетија Првата детска амбасада во светот – Меѓаши на 27.11.2023 година.
Учениците имаа прилика да се запознаат со историјата на Првата амбасада – Меѓаши и значењето на нејзиното име, логото и со ликот Бушавко.
Вработените во Амбасадата преку игра со имиња, составување сложувалка и квиз на знаење ги анимираа децата и ги запознаа со нивните основни права.
Учениците од III - 3 одделение, на Првата Детска Амбасада на Светот- Меѓаши им подари една изработка со името, логото и ликот на Меѓаши - Бушавко.
Од Амбасадата Меѓаши си заминавме побогати со знаење за Правата на детето.
Оваа посета е во рамки на МИО активностите на ООУ „Живко Брајковки“.

**Одделенски наставник**

Александра Николова Ивановски

## Чествување по повод Св. Климент Охридски – 8 декември

**Датум:** 07.12.2023
**Место на реализација:** ООУ „Живко Брајковски“
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 18

Учениците од V- 2 по повод Св. Климент Охридски изработија хамер – мозаик со македонската азбука - кирилица.




**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски

## Посета на кино Cinepexx MK

**Датум:** 21.12.2023
**Место на реализација:** Cineplexx MK
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 18

Денес, 21.12.2023 учениците од V-1 и V-2 по повод новогодишните празници во рамки на вонннаставните активности, а со цел дружење на двете одделенија, заедно со одделенските наставнички Александра Гулевска и Александра Николова Ивановски ја проследија проекцијата на филмот „Вонка" во кино Cineplexx MK кој ја поттикнува имагинацијата и креативноста, но имаше и одлична порака дека „Не е важна чоколадата, туку со кого ја делиш".
Посетат беше во рамки на медиумска култура.




**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски
Александра Гулевска



## Хуманитарен базар – 1 Март

**Датум:** 1.03.2024,
**Место на реализација:** ООУ „Живко Брајковски“
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 18

Во нашето училиште се организираше Хуманитарен базар, овој базар имаше хуманитарен карактер, сите собрани парични средства ќе бидат донирани за лекувањето на Леонид Индов. Голема благодарност за сите учесници во овој базар, посебна благодарност за нашите ученици кои несебично се вложија, благодарност до сите родители кои учествуваа и донираа за Леонид. Успеавме и докажавме дека можеме да се сплотиме и да ја покажеме нашата хумана страна.

**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски
Александра Гулевска

**Учество на телевизискиот квиз „Мислотека“**

**Датум:** 26.03.2024
**Место на реализација:** студио Скендеровски
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 3

Тројца ученици од 5-2 одделение учествуваа во новите епозоди на популарниот телевизиски квиз „Мислотека“. Учниците се збогатија со ново искуство и знаење.



**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски




## Учество на Априлијадата

**Датум:** 1.04.2024
**Место на реализација:** Спортско - рекреативниот центар „Сарај“ - Скопје
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 18

Учениците од 5 - 2 по повод Априлијада 2024 година земаа учество на истата и ја покажаа својата креативност, фантазија и смисла за хумор. Денот беше исполнет со насмевки, шеги и дружба. Двајца ученици беа одбрани од нашето одделение како поубави и оргинални маски кои земаа учество за најубава маска во општина Бутел.

**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски

## Посета на Црквата Св. Јован Крстител по повод Велигденските празници

**Датум:** 07.05.2024
**Место на реализација:** Црквата Св. Јован Крстител
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 24

По повод големиот христијански празник Велигден, 24 ученици од V-1 и V-2 одделение заедно со одделенската наставничка Александра Гулевска и Александра Николова Ивановски ја посетија Црквата Св. Јован Крстител - Бутел на 07.05.2024. Запалија свеќа, се помолија за здравје и оставија велигденски јајце.



**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски
Александра Гулевска

## Еднодневна пролетна екскурзија во Спортско - рекреативниот центар „Сарај“

**Датум:** 14.05.2024
**Место на реализација:** Спортско - рекреативниот центар „Сарај“ - Скопје
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 14

На 9 јуни 2023 година, нашето училиште организираше еднодневна пролетна екскурзија во Спортско рекреативниот центар „Сарај“ каде 14 ученици од V- 2 одделение беа дел од посета. Целта на посетат беше дружење, рекреирање и уживање во топлиот пролетен ден.



**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски

## Одбележување на патрониот празник на ООУ „Живко Брајковски“

**Датум:** 23.05.2024
**Место на реализација:** ООУ „Живко Брајковски“
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 1

На 23.05.2024 година се одбележа 60 години од постоење на синот на Беличица - Живко Брајковски кој бил активен борец во НОБ во Мавровскиот регион и го славиме патрониот празник на нашето општинското училиште “Живко Брајковски” кое во негова чест е именувано нашето општинско основно училиште.





**Одделенски наставник**
Александра Николова Ивановски

## Настава во природа

**Датум:** 10 – 13.06.2024
**Место на реализација:** Западна Македонија
**Вкупен број на ученици од V-2 одделение**: 14

Учениците од V-1, V-2, V-3, V-4 и V-5 одд. беа на настава во природа низ Западна Македонија. Практично учење, вежби во природа, училница без ѕидови и незаборавна забава беше дел од нашето учење изминатите 4 дена. 10 - 13.06.2024 ќе бидат запишани како незаборавни денови.
Наставата во природа ја предводеа наставниците Александра Гулевска, Валбона Шерифи, Лејла Нухиу и Адем Алил.



**Одговорни наставници**
**Актив на 5 одделение**

ИЗВЕШТАЈ

Од 05.06.2024 Пазар

Извештај за учество на учениците во активноста организирана по предметот математика за килограм. Сите ученици од II-3 одделение излегоа на пазар да купат овошје и зеленчук и воедно вежбаат мерење со килограми.









ИЗВЕШТАЈ
Од 01.04.2024 Ден на шегата



Извештај за организирано учество во училиштето од страна на сите ученици. Учениците беа маскирани со различни и интересни маски, маскирани се шетавме низ населбата.

Наставник
Блерина Груби Сопа

Извештај

На ден 08.03.2024 - 8 МАРТ-

Извештај за учество на учениците од II-3 одделение во активноста одржана во училницата каде се работеше за денот на мајката „8 Март“. Секој ученик изготви украсени честитки за да и ги подари на својата мајка.




Наставник
Блерина Груби Сопа

ИЗВЕШТАЈ

Од 21.03.2024 Ден на екологијата

Извештај за учеството на учениците во активноста организирана за денот на екологијата, каде што учениците ја исчистија училницата и научија како да ја одржуваат чистотата во околината каде што живееме и во училницата каде што учиме.





Наставник
Блерина Груби Сопа

ИЗВЕШТАЈ

Од 27.03.2024 Професии

Извештај за активноста одржана во нашето одделение, различните професии каде што учениците глумеа во облеката на нивната омилена професија. Во активноста учествуваа сите ученици од одделението.












Извештај

На ден 03.06.2024 (понеделник), во нашето училиште се одвиваа спортски активности елементарни игри наменето за одбележување "Детска недела". Оваа активност е организирана од наставниците по физичко и здравствено образование, каде што беа вклучени учениците од1 до 9-то. Одделение. Од 2/3 имаше 2 ученика.

## ИЗВЕШТАЈ

### За одржан летен камп во Струга во период
### 23.06 – 29.06.2024 година



Во рамки на проектот „Градење доверба", во кој проект партнери се „Центарот за толеранција и доживотно учење од Скопје", „Македонското здружение на млади правници", се реализираше камп во хотел Галеб во Струга. Проектот е поддржан од ЕУ односно од GCERF - Global Community Engagement and Resiliend Fund, под менторство на наставникот Верче Петрова и Александра Тумбевска.



Кампот започна на 23.06.2023 година (недела) со тргнување во 10:15h од пред ООУ „Живко Брајковски“ општина Бутел, откако претходно беа земени попатно ученици и наставници од ООУ„Браќа Миладиновци“ и ООУ„Крсте Мисирков“ од Куманово, ООУ„Партение Зографски од општина Кисела Вода, ООУ„Кочо Рацин“ и ООУ„Кирил и Методиј“ од општина Центар. Со попатна пауза, во 14:00h пристигнавме во хотел Галеб во Струга. По сместувањето, следеше ручек. По ручекот имавме попладневен одмор од патувањето за учесниците. Во вечерните часови следеше работилница, на која учесниците се запознаа меѓу себе. Секое училиште го презентираше своето лого. Исто така учесниците беа запознаени и со програмата за време на кампот.







Деновите ги започнувавме со утрински вежби во 8:00h во дворот на хотелот, по што следеше појадок. По појадокот следеа работилници на тема „Справување со врсничко насилство. По доручекот учениците имаа часови по пливање и играње различни друштвени игри на плажа и во вода. Во попладневните часови имавме работилници на тема „Справување со врсничко насилство. За време на работилниците, учениците споделуваа свои искуства, како и ситуации на кои биле сведоци. Се дискутираше за конфликтни ситуации, како да се справат со истите.





По завршувањето на работилниците, учениците имаа пола час пауза, по што следеа се „Игри без граници“ и игри со едукативен карактер – каде кај учениците се забавуваа и преовладуваше победничкиот дух. На игрите учениците имаа можност да се забавуваат, размислуваат, да се дружат.

По вечерата следеа слободни активности, забава во хотелот и прошетка низ центарот на Струга.

Извештајот го изготвија: Верче Петрова Александра Тумбевска





**Извештај за одржана работилница во рамки на проектот**

**„Градиме доверба“**
**04.04.2024**

Работилницата ја започнавме во 12:45 часот и ја завршивме во 14:15 часот Оваа работилница ја започнавме со една интересна игра – Река со крокодили - во која сите беа собрани во круг и на даден знак со затворени очи требаше да се фатат спонтано со било кој за рака и да направат јазол, кој јазол требаше да го одврзат без да се отпуштат.

Целта на оваа вежба ни беше градење групна кохезија, поттикнување на заедничко дејствување, сложно како група.

Во главниот дел учесниците ги поделивме во три групи. На секоја група им поделивме работен лист со Санта мраз. Се објаснува, дека конфликтите се како санта мраз. Секоја група имаше задача да го пополни работниот лист. Целта на оваа вежба беше поттикнување на размислување за видливите и невидливите работи при конфликтни ситуации. Се водеше дискусија околу самиот работен лист. Што им беше потешко да одредат, видливи или невидливи ситуации.

Во завршниот дел учесниците ги собравме повторно во круг и во даден момент им фрливме балон на кој учесниците не требаше да дозволат тој балон да падне на земјата додека пак ние им даваме наредба дали да го допрат со лева или десна рака или пак со глава. Учесникот кој ке погрешеше излегуваше од игра. Целта на оваа игра ни беше опуштање и постигнување позитивно расположение.
Дружењето, соработката, споделувањето искуства меѓу учениците беше на високо ниво.

Денешната работилница ја завршивме со делење на оброци на учесниците во која добија 10 минутна пауза за закуска.

Работилницата ја реализираа професорката Митра Блажевска – професор по македонски јазик во СУГС – Раде Јовчевски Корчагин, Верче Петрова, наставник од ООУ Живко Брајковски и Сања од центарот за толеранција.

Извештајот го изготви ја:
**Верче Петрова**
**Александра Тумбевска**
**Бернанда Мустафоска**







**Извештај за учество на Маскенбал-Прочка**

На ден 17.03.2024 година учениците од IV-1,2 одделение при ООУ „Живко Брајковски“ земаа учество на маскенбалот во с.Љубанци кој се одржа по повод ,,Љубански карневал-Прочка,,.
Општината Бутел,организираше превоз до местото на настанот и назад.
Беа вклучени 10 ученици кои се претставија со групна маска,,Петар Пан,,
За учеството учениците беа наградени со Благодарница за особен придонес во организацијата на карневалот.

Одговорни наставници:

Роза Нешова
Мирфетка Јашароска

**Извештај од работилници од стручен актив од прво одделение**

Одржана е работилница на 01.04.2024 год. на тема „Изработка на првоаприлски маски“ .Во работилницата учествуваа: I- 1, I-2, I-3, I-4  и I-5 одделение. Во прилог фотографии од одржаната работилница.




Одржана е работиљница на 22.04.2024 година, на тема „Денот на планетата земја“. Во работилницата учествуваа: I- 1, I-2, I-3, I-4  и I-5 одделение. Во прилог фотографии од одржаната работилница.






**Извештај од работилницата за изработка на картички за крајот на учебната година**

По повод крајот на учебната година, учениците од 8 одделение изработија картички за наставниците на 03.06.2024. Со овие картички учениците им се заблагодарија на своите наставници за тоа што поминале и имале успешна учебна година и им посакаа убав летен распуст.

На почетокот од работилницата учениците истражуваа и се договараа какви да бидат и како да изгледаат картичките. Се договараа за дизајнот и формата. Потоа ја поделија работата и се договорија кој ученик да изработи за кој наставник картичка. Учениците додека ги изработуваа картичките се забавуваа, дискутираа, соработуваа.

Откако картичките беа изработени се договорија да ги поделат картичките на последниот училишен ден. Им се заблагодарија на наставниците и им посакаа убаво лето.






**Извештај од работилницата “International Education Day”**

На 24.01.2024 со учениците од 7 и 8 одделение се одржа работилница по повод International Education Day.

На почетокот на работилницата учениците дискутираа и дабатираа зошто им е потребно на учениците образованието, кои се бенифитите од образованието, кои им се омилени предмети и зошто. Дискутираа и на останати интересни и занимливи прашања.

Потоа истражуваа на интернет цитати од познати личности кои кажале нешто што е поврзано со образованието. Дискутираа на истите.

За крај учениците изработија картички со цитати поврзани со образованието кои ги истакнаа во своите училници.




## Извештај

За посета на Природно научен музеј – Скопје

Во рамките на годишната програма по биологија на ден 30. 05 .2024 година беше реализирана посета на Природно научниот музеј – Скопје. Посетата беше реализирана со 47 ученици од VIII одд кои следат настава на македонски и албански јазик.

Учениците имаа организиран автобуски превоз. Во просториите на Природно научниот музеј тие следеа едукативно предавање за видови фосили од различна геолошка старост, за класификација на различни видови безрбетни и рбетни животни како и бессемени и семени растенија.

Посетата беше под менторство на наставниците Силвана Урџанис и Весна Стајковска.

**Извештај**
**Меѓународен ден на пчелата**

На ден 20.5.2024 година членовите на биолошката секција реализираа активности со кои го одбележаа Меѓународниот ден на пчелата.
Тие изработија постер со податоци за важноста на овие мали,но сепак многу значајни суштества за планетата Земја.
Пластфицираа сликички кои ги прикачија на стапчиња и ги поделија на вработените во училиштето и нивните соученици. Исто така поделија и кесички од природен мед.
Севкупниот заклучок беше да не се заборава да им се остава половина од собраниот мед на самите пчелки!!!




Наставник –реализатор: **Силвана Урџанис**

# ИЗВЕШТАЈ

На 22.03.2024 година, Светскиот ден на водата, беше организирана активност од страна на сите ученици од вторите одделенија, каде преку активноста и делата што ги работеа, различни цртежи, учениците добија важни информации за вредноста на водата.





Наставник
Блерина Груби Сопа

**И З В Е Ш Т А Ј**

Учество на квиз -Мислотека

На ден 09 .04.2024 година учениците од 4-1 одд Јована Трајановска,Томица Топузовски и Андреа Стафановски земаа учество во детскиот квиз Мислотека –Македонска телевизија. Учениците постигнаа солидни резултати.

По завршувањето на квизот , учениците беа восхитени од постигнатата цел.



Одд. Роза Нешова 4-1

**И З В Е Ш Т А Ј**

Од реализирани вонактивности за унапредување на меѓуетничка интеграција и мултикултурализам со учениците од 2-2 ,4-2 македонски наставен јазик и 4-4 , албански наставен јазик на тема:

„Твориме и изработуваме новогодишни украси“

Реализирана активност со меѓупредметна корелација: македонски и албански јазик , ликовно образование.

Воведни активности

Насочена комуникација и поставени прашања од нас, наставничките, на темата „Нова година“: Дали сите го одбележуваат доаѓањето на Новата година со украси, елки, лампиони,светки во разни бои? Дали имаат желби и дали веруваат во Дедо Мраз? Дали напишале писмо или можеби песничка која ја посветиле на Дедо Мраз?

На табла ги испишавме зборовите кои меѓусебе учениците ги разменија за да се запознаат на двата наставни јазици:

Нова година, елка, лампиони, украси, изработки, Дедо Мраз, Снешко,зима, снег

Главни активности

Ги поделивме учениците во 5 групи со цел да си помагаат и да споделуваат идеи што да се изработи од материјалите кои веќе беа подготвени, но и секој ученик имаше свои материјали па така заеднички се изработија облачиња со снегулки, што го красат училишниот хол помеѓу двете училници.

Бидејќи со 4-2 ја делиме истата училница, ја украсивме и новогодишната елка со лампиони во разни бои и многу други новогодишни украси. Магична беше атмосферата бидејќи сите се согласија дека за нив овој период од годината е еден од поубавите.

Завршни активности

Целта од овие активности беше реализирана со убаво расположение и секој ученик се трудеше да реализира што поубава идеја.

Одделенски наставници: Христина Атанасоска II-2, Мирфетка Јашароска IV-2 и Фатиме Мифтари 4-4












**ИЗВЕШТАЈ ЗА МУЛТИЕТНИЧКА РАБОТИЛНИЦА СО ПАРТНЕРСКО УЧИЛИШТЕ**

**ООУ„АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“**
**17.04.2024**

Во рамки на проектот при **Грант од МОН за унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција, се одржа првата работилница во партнерското училиште ООУ„Александар Македонски“**. На работилницата со меѓуетнички карактер, учество зедоа 30 ученици и 10 наставници, од кои 5 наставници и 15 ученици од нашето училиште: Верче Петрова, Анета Петковска, Леја Османи, Назмие Бела, Дритон Мифтари.

По срдечниот пречек и прошетката и разгледување на училиштето, учениците беа поделени во групи и започнаа активностите со наслов - **Направете ја видлива јазичната разновидност.**

Активностите се одвиваа на повеќе јазици: македонски, албански, српски, бошњачки, француски и германски.

Целта на активностите беше да ги подобри взаемното разбирање, комуникацијата и почитувањето помеѓу учениците, како и да ги поттикне да ја ценат својата културно-јазична разновидност. Финалниот резултат од активностите беше креирање на песна со настаните од сите строфи кои ја истакнуваат различната јазична и културна разновидност.



Ефектите кои се постигнаа со активностите беа:
1. Зголемена свест за разнообразност, почитување на разликите
2. Подобрена комуникација и соработка. Подобрено взаемно разбирање
3. Подобрување на културната свест
4. Подобрување на самосвеста. Зголемување на нивната свест и почит кон
разнообразноста во нивната заедница.

Извештајот го изготви:
**Верче Петрова**

Дата:

28.06.2024

ВД Директор

Магдица Пеева

_______________________________